Музејот на современата уметност,Скопје
Амбасадата на Р. Германија
ifa Штутгарт
Гете институт, Белград
Ве поканувaат на отворањето на изложбата
The Museum of Contempoary Art, Skopje
The Embassy of Germany
ifa Stuttgart
Goethe Institut, Belgrade
kindly invites you to attend the opening of the exhibition

# Елфи Фрелих

## ИНСЦЕНИРАЊЕ НААВТЕНТИЧНОСТА

# Elfi Fröhlich

Музеј на современата уметност, Скопје
петок, 22.12 2000 во 20 часот
Museum of Contemporary Art
December, 22. 2000 at 8 p.m.

**Елфи Фрелих** фотографира и црта. Таа создава слики во серии.
Во седумдесеттите години, кога се заинтересира за фотографијата, незината работна метода ја обележуваше традицијата на фото репортажата. "Најдената" стварност, односно берлинската младинска сцена и ја обезбеди почетната точка на нејзиниот прв фото проект. Таа тогаш оперираше со полето на опсервација во кое се чинеше дека доминираат агресијата и насилството. Во извонредните портрети од оваа серија слики, Елфи Фрелих не само што ја фати изолираноста на портретираниот, туку во неа ја вметна и својата фасцинација со "странците". Наместо дескриптивноста, Фрелих овој фотографски проект го обликува на тој начин што секоја слика ја поставува индивидуално и во согласност со посебните карактеристики на секој индивидуален аутсајдер.
На почетокот од осумдесеттите години, Елфи Фрелих започна да ги комбинира двете полиња на нејзиното дело - цртежот и фотографијата. Но овие фотографски секвенци кои најнапред ги бои, а потоа по втор пат ги репродуцира, според резултатот исто така не се конвенционални серии на слики - ниту во хронолошка, ниту во смисла на тоа што го објаснуваат. Со помош на "долгата експозиција" гледачот е вовлечен во ситуација во која уметникот постапно од слика во слика физички го приближува. Деталите покажуваат како би можела да се случи одредена сцена, без притоа уметникот да се труди да го одгатне лавиринтот од загатки што ги претставува или црта. Во нив се предизвикува способноста на гледачот да формира визуелни и вербални асоцијации.

# Елфи Фрелих

## ИНСЦЕНИРАЊЕ НА АВТЕНТИЧНОСТА

**Elfi Fröhlich**

Овој оперативен принцип на сликани серии во кои сликите не се развиваат прогресивно за да доведат, во конвенционална смисла, до формирање определен став, туку се презентирани сценски како филмски исечоци, понатаму е развиен во проектот со којшто таа тука се претставува. Прикажани се 40 колор фотографии, кои што можат да бидат поставени било во поголема секвенца на еден ѕид, било како пет фиксирани групи, секоја составена од секвенци од четири фотографии, соочени меѓу себе.
Насловот на изложбата, "Инсценирање на автентичноста", е комбинација од две контрадикторни идеи што имаат значење за верноста на фотографската стварност. Елфи Фрелих ја транспонира автентичноста, којашто долго се сметаше за неспорна сопственост на фотографскиот израз на ниво на индивидуален сензибилитет. Таа ги инсценира одбраните објекти или ги аранжира "најдените" констелации. Но демонстрирањето на разликата меѓу т.н. "вистиска" фотографија и манипулираните фотографски претстави, сепак не е примарниот мотив на нејзиното дело. Наместо тоа, нејзината намера е да го постигне претопувањето на двата пола и иритацијата што резултира кога се гледаат овие сликани серии.
Овие серии, кои таа ги нарекува "музички нотни белешки", комбинираат слики со различно потекло. Индикациите кои што водат кон оригиналниот контекст и кои се се уште распознатливи во рудиментарна форма во поедини слики, исчезнуваат во коресподенцијата со контрастите, при што презентацијата на сликите има решавачко значење за концепцијата на фотографот. Со овој дополнителен аспект на инсценирање, фотографот го потенцира трикратниот принцип на селекција во однос на сликаната претстава: снимањето, печатењето, презентацијата. Сликањето во смисла на постојана селекција, имплицира не само губиток на контекст во поглед на содржината, туку тоа преку поврзаноста со моментот исто така влече и кон променливиот сензибилитет на фотографот. Опфаќањето и интерпретацијата на фотографираните претстави се одредува преку контекстот на перцепција, а за Елфи Фрелих ова се случува преку координацијата на нејзините претстави. Сликовните врски што таа ги воспоставува не дозволуваат да дојде до каква и да е каузална наративна метода, туку попрво повлекуваат еден динамичен ритам на асоцијации: значењето најнапред му е сугерирано на гледачот, за да потоа во следната слика тоа станува споредно, а истовремено веќе во неа се појавува друг мотив снимен како загатка или сосема конкретно, потиснувајќи ја прерано откриената јасност.
Елфи Фрелих ја користи методата на монтажа, но притоа ја задржува индивидуалната слика како независна визуелна информација, односно, ниту директните суперимпозиции, ниту резовите не се тие што го одредуваат согласувањето на претставите, туку синхронизмот на нивниот независен карактер. На овој начин, фотографот создава референца кон повеќеслојните емотивни и интелектуални услови на почетната состојба при создавањето на една фотографија, на нејзиното снимање и разработката.
Во овој процес, меморијата, искуството, знаењето и перцепцијата се взаемно поврзани во несвесни и свесни процеси и спротивставени чувства. Делото на Елфи Фрелих е еден обид за конституирање на структура на значења, кадешто комплексниот процес на перцепција како на фотографот, така и на гледачот имаат подеднакво место, а притоа без да се тврди во ниту еден момент дека валидната метода на објаснување е пронајдена. Тоа се слики од секојдневното искуство, слики на страв, на убавина, слики што ги будат сонишатата и фантазијата.

**Уте Ескилдсен** (1998)

**Биографија**
1951 - родена во Линен/ Северна Рајна-Вестфалија
1968-1971 - Студира на Werkkunstschule во Дортмунд и на College of Arts во Лидс, Велика Британија.
1971-1976 - Студира на Hochschule der Kuenste во Берлин.
1976-1980 - Документарна и наративна фотографија/ Графики, текстови, концепти.
1978-1979 - Постдипломски студии на Modellversuch Kuenstlerweiterbildung во Берлин.
1979-1981 - Уметнички проекти; наставник на Modellversuch Kunstlerweiterbildung во Берлин; наставнички активности на полето на културната педагогија.
Од 1982 - Цртежи и фотографија; Работа со компјутери; Фотографски наративи и секвенци.
Од 1987 - Фотографски инсталации.
1981-1989 - Предава фотографија и ликовна уметност на Hochschule der Kuenste во Берлин.
Од 1986 - Одржува работилници и предавања во и надвор од Германија.
1990 - Вонреден професор на Hochschule der Kuenste во Берлин.
1991-1992 - Вонреден професор на Gesamthochschule при Универзитетот во Касел.
1992-1993 - Предава на Hochshule der Kuenste во Берлин и на Универзитетот во Линенбург.
Од 1994 - Професор по слободни уметности на Факултетот за дизајн при Универзитетот во Вајмар (претходно Баухаус Вајмар).
Живее и работи во Берлин и Вајмар.

МСУ, 22 декември 2000 - 22 јануари 2001

**Изложбата е реализирана во соработка со IFA Stuttgart, Goethe Institut-Белград и Амбасадата на Р..Германија**

*Издава: Музеј на современата уметност - Скопје/ Одговорен уредник: Зоран Петровски/ Организација на изложбата: МСУ-Скопје, IFA Stutgart, Goethe Институт-Белград, Германска амбасада-Скопје/ Превод од англиски: Зоран Петровски/ Ликовно обликување: Стефан Георгиевски/ Печат: Принтпоинт-Скопје /Тираж: 1000*